Врз основа на член 47 став 1 точка 6, а во врска со член 17 став 4 од Законот за Народната банка на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15, 6/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 110/21) и член 172 став 7 од Законот за платежни услуги и платни системи („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 90/22), Советот на Народната банка на Република Северна Македонија донесе

**О Д Л У К А**
**за условите и постапката за отворање и затворање на платежните сметки во Народната банка на Република Северна Македонија**

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

1. Со оваа одлука се пропишуваат условите и постапката за отворање и затворање на платежните сметки на правните лица на кои со закон им е дозволено отворање платежна сметка во Народната банка на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Народната банка).

## II. ОТВОРАЊЕ СМЕТКИ

2. Народната банка ги отвора платежните сметки од точка 1 на оваа одлука врз основа на писмено барање за отворање платежна сметка во согласност со образецот „Барање за отворање платежна сметка" (прилог 1 на оваа одлука) и договор склучен помеѓу правното лице и Народната банка во согласност со Законот за платежни услуги и платни системи (во натамошниот текст: Законот).

3. Пред да отвори платежна сметка, Народната банка го идентификува и го потврдува идентитетот на правното лице и на лицата кои дејствуваат во име и за сметка на правното лице, врз основа на следнава документација:

    - документ за регистрација издаден од надлежен орган на Република Северна Македонија или на државата во која е регистрирано правното лице, кој не смее да биде постар од шест месеци и од кој може да се утврди: називот, правната форма, седиштето, даночниот број или друг регистрациски број на правното лице, законскиот застапник, органот на управување или лицата овластени за воспоставување на деловниот однос, односно извршување трансакција во име на правното лице;

    - образец за заверен потпис на законскиот застапник на правното лице издаден од страна на надлежен орган на Република Северна Македонија или на државата во која е регистрирано правното лице;

    - образец „Пријава на овластени лица за располагање со паричните средства на платежната сметка" (прилог 2 на оваа одлука) во согласност со податоците од официјален документ за личен идентитет на лицата коишто имаат право на располагање со паричните средства на платежната сметка и примерок од нивните потписи во согласност со образецот „Листа на депонирани потписи" (прилог 3 на оваа одлука), потпишани од законскиот застапник на правното лице.

Покрај документите од став 1 од оваа точка, доколку физичкото лице кое е во управувачката структура на правното лице или е овластено лице за располагање со паричните средства на платежната сметка истовремено е носител и на јавна функција, доставува своерачно потпишана изјава за носител на јавна функција во согласност со образецот „Изјава за носител на јавна функција" (прилог 4 на оваа одлука).

4. При отворањето на платежната сметка на правното лице, Народната банка може да побара и друга документација за која однапред го известува правното лице коешто има намера да отвори платежна сметка.

5. Документацијата што се доставува кон барањето од точките 3 и 4 од оваа одлука треба да биде во оригинал или да е копија заверена во согласност со прописите (нотар или друг надлежен орган на државата во која е регистрирано правното лице), потпишана од овластеното лице или соодветниот надлежен орган или потпишана електронски согласно со прописите со кои се регулираат електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги.

   Доколку документацијата што се доставува кон барањето од точките 3 и 4 од оваа одлука е на друг јазик, заедно со оригиналот се доставува и превод на македонски јазик, заверен од овластен судски преведувач.

6. Народната банка може да им отвори платежни сметки на меѓународни финансиски институции без поднесување барање и документација од точките 3, 4 и 5 од оваа одлука и без склучување договор, доколку е определена како нивни депозитар во согласност со закон.

7. Правното лице е должно да врши ажурирање на доставената документација од точките 3 и 4 на оваа одлука при секоја настаната промена, најдоцна три работни дена од денот на настанување на промената, а редовно на секои пет години, како и во пократок период на барање на Народната банка.

   Народната банка ги применува промените во документацијата од точките 3 и 4 од оваа одлука од моментот кога за нив е известена во писмена форма од страна на правното лице и / или лицето коешто дејствува во негово име и за негова сметка.

## III. ЗАТВОРАЊЕ СМЕТКИ

8. Народната банка ја затвора платежната сметка на правното лице врз основа на негово писмено барање определено во образецот „Барање за затворање на платежнате сметка" (прилог 5 на оваа одлука), доколку се исполнети пропишаните услови во согласност со Законот за платежни услуги и платни системи и друг закон.

9. Народната банка ја затвора платежната сметка на правното лице и без негово писмено барање, доколку правното лице:
   - е неактивен субјект чиешто бришење согласно со закон е објавено на веб-страницата на Централниот регистар на Република Северна Македонија;
   - престане да постои како правен субјект врз основа на закон, судска одлука, статусна промена или по налог на надлежен орган;
   - ги прекршува договорните обврски, поради што Народната банка го раскинува договорот за отворање на платежната сметка.

10. По затворање на платежната сметка, Народната банка му ги пренесува паричните средства што останале на платежната сметка при нејзиното затворање на правното лице, правниот следбеник или на правното лице одредено со закон или друг пропис.

    Доколку со закон или друг пропис не е одреден правниот следбеник или друго правно лице на чија платежна сметка треба да се пренесат паричните средства, Народната банка ги пренесува паричните средства од затворените платежни сметки на евиденциска сметка кај Народната банка наменета за паричните средства коишто не се користат. Народната банка треба да го извести за тоа правното лице кое претходно било овластено да располага со паричните средства од затворената платежна сметка, во рок од три работни дена сметано од денот на затворањето на платежната сметка.

## IV. ПРЕОДНИ ИЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

11. Со денот на започнување со примена на оваа одлука престанува да важи Одлуката за општите услови за отворање и затворање сметки во Народната банка на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 3/22).

12. Оваа одлука стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 2023 година.

**О бр. 02-15/XXII-12/2022**
**28 декември 2022 година**
**Скопје**

**Гувернер и претседавач**
**на Советот на Народната банка**
**на Република Северна**
**Македонија**
**д-р Анита Ангеловска-Бежоска**

**ПРИЛОГ БР. 1**

## БАРАЊЕ ЗА ОТВОРАЊЕ ПЛАТЕЖНА СМЕТКА

| **I. Податоци за правното лице:** | |
|---|---|
| Назив на правното лице | |
| Адреса на правното лице (место, улица и број) | |
| ЕМБС на правното лице | |
| Даночен број на правното лице | |
| Име и презиме, телефон и електронска пошта за контакт | |

| **II. Барање за отворање на:** |
|---|
| ☐ Платежна сметка |
| ☐ Платежна сметка за проект ____________________________________________ |

Кон барањето ги поднесувам документите потребни за отворање на платежната сметка, во согласност со *Одлуката за условите и постапката за отворање и затворање на платежните сметки во Народната банка на Република Северна Македонија*.

датум ___________ 20____год. ______________________________

(печат и потпис на законскиот застапник на правното лице)

| **III. Доставена документација:** |
|---|
| ☐ Документ за регистрација издаден од надлежен орган на државата во која е регистрирано правното лице |
| ☐ Образец за заверен потпис на законскиот застапник на правното лице издаден од страна на надлежен орган на државата во која е регистрирано правното лице |
| ☐ Пријава на овластените лица за располагање со паричните средства на платежната сметка (прилог 2 на Одлуката) |
| ☐ Листа на депонирани потписи (прилог 3 на Одлуката) |
| ☐ Изјава за носител на јавна функција (прилог 4 на Одлуката)* **се доставува доколку некое од лицата во рамките на управувачката структура на правното лице или од пријавата на овластените лица за располагање со паричните средства на платежната сметка е носител на јавна функција* |
| ☐ Во согласност со Министерството за финансии, за отворање платежна сметка во странска валута |
| ☐ Договор за донација или кредит ** ***се доставува за отворање платежна сметка во странска валута за проект* |
| ☐ Други докази: |

Барањето се доставува во два примерока.

Образец: НБРСМ

**ПРИЛОГ БР. 2**

## ПРИЈАВА НА ОВЛАСТЕНИ ЛИЦА ЗА РАСПОЛАГАЊЕ СО ПАРИЧНИТЕ СРЕДСТВА НА ПЛАТЕЖНАТА СМЕТКА

| **I. Податоци за правното лице** | |
|---|---|
| Назив на правното лице | |
| Адреса на правното лице (место, улица и број) | |
| ЕМБС или друг регистрациски број | |
| Даночен број на правното лице | |
| Име и презиме, телефон и електронска пошта за контакт | |

**II. Овластени потписници за располагање со паричните средства на платежната сметка бр.**

| | Име и презиме | Датум и место на раѓање | Место и адреса на живеалиштето / престојувалиштето | ЕМБГ / број за идентификација | Број на документот за идентификација | Издаден од | Важи до |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | | | | | | | |
| 2 | | | | | | | |
| 3 | | | | | | | |
| 4 | | | | | | | |
| 5 | | | | | | | |

Датум __________ 20___ год. ___________________________

(печат и потпис на законскиот застапник на правното лице)

Образец: НБРСМ

**ПРИЛОГ БР. 3**

## ЛИСТА НА ДЕПОНИРАНИ ПОТПИСИ

| **I. Податоци за правното лице** | |
|---|---|
| Назив на правното лице | |
| Адреса на правното лице (место, улица и број) | |
| ЕМБС или друг регистрациски број | |
| Даночен број на правното лице | |
| Име и презиме, телефон и електронска пошта за контакт | |

| **II. Депонирани потписи на овластените потписници за располагање со паричните средства на платежната сметка бр.** | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Лични податоци | | | | Тип на овластување | | | | Овластување за | |
| | Име и презиме | ЕМБГ / број за идентификација | Своерачен потпис | Самостојно | Колект ивно | Ограничено до (се наведува износот) | Неограни чено | Приливни платежни трансакции | Одливни платежни трансакции |
| 1 | | | | | | | | | |
| 2 | | | | | | | | | |
| 3 | | | | | | | | | |
| 4 | | | | | | | | | |
| 5 | | | | | | | | | |

Датум __________ 20___ год. (Број на листа) _________________

________________________________
(печат и потпис на законскиот застапник на правното лице)

____________________________________
(печат и потпис на овластеното лице за прием во Народната банка)

Образец: НБРСМ

**ПРИЛОГ БР. 4**

## ИЗЈАВА ЗА НОСИТЕЛ НА ЈАВНА ФУНКЦИЈА

Јас, ........................................................................................................ (име и презиме) со адреса на живеење на ул. ........................................................................... (важечка адреса на живеење според документот за идентификација), роден/а на ................ (ден, месец, година на раѓање) во ........................... (град), со ЕМБГ ........................................, ................................ (податоци за видот на вистинската сопственост) во ....................................................... (назив на институцијата) изјавувам дека сум носител на јавна функција.

Потпис

____________________

Образец: НБРСМ

**ПРИЛОГ БР. 5**

## БАРАЊЕ ЗА ЗАТВОРАЊЕ НА ПЛАТЕЖНАТА СМЕТКА

| **I. Податоци за правното лице** | |
|---|---|
| Назив на правното лице | |
| Адреса на правното лице (место, улица и број) | |
| ЕМБС или друг регистрациски број | |
| Даночен број на правното лице | |
| Име и презиме, телефон и електронска пошта за контакт | |

| **II. Барање за затворање на платежната сметка бр.** |
|---|

| **III.** | **Насоки за враќање на паричните средства коишто останале на платежната сметка при нејзиното затворање:** |
|---|---|
| | - сметка: |
| | - приходно конто: |
| | - програма: |

Датум __________ 20___ год. ____________________________

(печат и потпис на овластеното лице за застапување на правното лице)

Образец: НБРСМ